РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕБРЦА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 13-1144/1
23.05 2019 год.
ВЕЛЧИШТА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Иванов Инжинеринг Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Натали Ташевска Гулевска бр. овл. 0.0094 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | 070/395-379 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца, ќе се изработи согласно методологијата пропишана во важечката законска и подзаконска регулатива:<br>• Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).<br>• Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18);<br>• Правилник за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15), како и другите важечки законски и подзаконски акти. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
|---|
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
|---|
| Не. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Задача на планската документација е изработка на Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебарца, со кој ќе се постигнат следните цели:<br>1. Усогласување на Урбанистичкиот план за село со поставките на Просторниот план на РМ;<br>2. Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;<br>3. Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;<br>4. За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:<br>• заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;<br>• заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;<br>• движење на лица со посебни потреби;<br>• урбано зеленило и озеленетост;<br>• други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.<br>Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца, како плански развоен документ треба да го постигне следното:<br>• Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;<br>• Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко ниво;<br>• Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;<br>• Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>• Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето (како необновлив ресурс) и системите на инфраструктурата; и<br>• Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2019 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Планскиот опфат на Урбанистички план за село Требеништа се наоѓа во Општина Дебрца, северозападно од градот Охрид. |

Од најсеверната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се совпаѓа со северната граница на КП 165, минува низ КП 2147/4, се совпаѓа со северната граница на КП 489, се совпаѓа со источната граница на КП 489, се движи по јужната граница на КП 489, се совпаѓа со источната граница на КП 495, КП 496/1, КП 497/1, КП 498, КП 1109, минува низ КП 1106, КП 2496/19, КП 1111, КП 2496/20, се движи по источната граница на КП 2496/19, се движи по северната граница на КП 1093/2, КП 1094, се совпаѓа со западната, северната и источната граница на КП 1095/1, се совпаѓа со северната, источната и јужната граница на КП 1084/1, се движи по источната граница на КП 1085, се движи по северната граница на КП 1111, КП 2151, се совпаѓа со западната граница на КП 1081/1, се совпаѓа со северната граница на КП 1081/1, КП 1081/2, КП 1080, КП 1079, КП 1078, КП 1077/1, КП 1076, КП 1075, КП 1074, КП 1073, КП 1072, КП 1071/1, КП 1071/2, 1070, КП 1069, КП 1068, КП 1067, КП 1066, КП 1065/1, КП 1065/2, се движи по северната граница на КП 1082, минува низ КП 1082 и стасува до најисточната точка на планскиот опфат.

Од најисточната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се движи по јужната граница на КП 1082, минува низ КП 2158/2, се движи по јужната граница на КП 2158/2, минува низ КП 1256 и се движи по нејзината јужна граница, се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 1258, минува низ КП 1259, се движи по јужната граница на КП 1259, се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 1264/1, се совпаѓа со јужната граница на КП 1264, се движи по западната граница на КП 1263, се совпаѓа со западната граница на КП 1264/2 , се движи по јужната граница на КП 1256, се совпаѓа со источната граница на КП 1265, се совпаѓа со јужната граница на КП 1265, КП 1266, КП 1267, КП 1268/1, се совпаѓа со западната граница на КП 1268/1, се движи по јужната граница на КП 1295, се движи по источната граница на КП 2496/25, минува низ КП 2496/25, КП 2496/26, минува низ КП 1473/1, КП 1470, КП 2496/27, КП 1463, КП 1462/1, се совпаѓа со источната граница на КП 1461/2, КП 1461/3, се движи по северната граница на КП 1430/1, минува низ КП 1429/1, се движи по источната граница на КП 1430/1, минува низ КП 1459/1 и се движи по нејзината западната граница, се совпаѓа со западната граница на КП 2496/28, се движи по западната граница на КП 1456/2, минува низ КП 1456/1, се движи по источната граница на КП 1455, минува низ КП 1454, КП 1453, КП 1452/2, се совпаѓа со источната граница на КП 1451/1, КП 1451/5, минува низ КП 1450/3, КП 1450/1, КП 1449/1, КП 1448/1, КП 1448/2, КП 1448/3, КП 1448/4, КП 1446/2, КП 1445/1, КП 1445/2, КП 1444, КП 1442/1, се движи по северната граница на КП 1438/3, минува низ КП 1438/3, КП 1438/2, КП 1438/1, се движи по јужната граница на КП 1438/1, се совпаѓа со јужната граница на КП 2147/2, се движи по источната граница на КП 1929, се движи по источната граница на КП 24 и стасува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од најјужната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат минува низ КП 24, КП 23/2, КП 23/1, КП 22/1, КП 22/2, се движи по западната граница на КП 22/2, се движи по јужната граница на КП 21, минува низ КП 21, КП 1929, КП 1928/2, КП 1928/1, КП 1927, се совпаѓа со западната граница на КП 1922/4, се движи по северната граница на КП 1922/4, минува низ КП 1922/2, КП 1925, КП 1824, се движи по јужната граница на КП 1923/2, минува низ КП 1923, КП 1923/1, КП 1923/3, КП 1915/2, КП 1915/1, КП 1914/3, КП 1914/2, КП 1914/1, КП 1910/4, КП 1910/3, КП 1910/2, КП 1910/1, КП 1909/1, КП 1908/2, се движи по јужната граница на КП 1908/1, минува низ КП 1908/1, КП 1907, КП 1474, се движи по северната граница на КП 1474, минува низ КП 1475, КП 1476, КП

1478/1, КП 1478/2, КП 1480, КП 1481/2, се движи по северната граница на КП 1481/2, минува низ КП 1481/1, се движи по границата на КП 1481/1, минува низ КП 1488, КП 1485/13, се движи по јужната граница на КП 1485/13, минува низ КП 1485/6, се совпаѓа со источната граница на КП 1485/1, се движи по источната граница на КП 1484, се совпаѓа со јужнат граница на КП 1484, КП 1891/, се совпаѓа со јужната граница на КП 1891/3, минува низ КП 1891/3, КП 1891/4, КП 1891/1, се движи по северната граница на КП 1891/1, минува низ КП 1884, се совпаѓа со западната граница на КП 1883, се движи по северна граница на КП 1883, се совпаѓа со западната граница на КП 1880/3, КП 1880/2, се движи по јужната граница на КП 1872, се совпаѓа со јужната граница на КП 1871, КП 1870, КП 1869, КП 1868, минува низ КП 1865, се движи по јужната граница на КП 1865, КП 1866, се совпаѓа со јужната граница на КП 1838, КП 1836/3, се движи по јужната граница на КП 1836/2, се движи по источната граница на КП 1834, КП 1833, КП 1832, КП 1831, се совпаѓа со јужната граница на КП 1831, се движи по источната граница на КП 1825, минува низ КП 1825, продолжува да се движи по источната граница на КП 1825, се движи по јужната граница на КП 1825, се совпаѓа со јужната граница на КП 1824/4, КП 1824/4, минува низ КП 1972, КП 1974, КП 1974, КП 1975, КП 1977, КП 1978, КП 1979, КП 1980, се движи по јужната граница на КП 1980, се движи по западната граница на КП 1980, минува низ КП 2161 и стасува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од најзападната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат минува низ КП 2154, се движи по западната граница на КП 2154, се совпаѓа со јужната граница на КП 1817/1, се совпаѓа со западната граница на КП 1817/1, КП 1818/1, КП 1819/1, КП 1820/1, КП 1821/4, КП 1822/3, КП 1822/4, КП 1823/8, КП 1823/7, КП 1823/2, КП 1823/6, КП 1809, КП 1598/1, КП 1604/3, КП 1604/1, КП 1611/3, КП 1612/2, КП 1613/2, КП 1616/2, КП 1616/1, КП 1617, КП 1621/4, КП 1622/1, КП 1623/3, КП 1623/1, КП 1627/1, КП 1627/2, КП 1628/10, КП 1628/1, КП 1628/7, КП 1628/6, КП 1628/5, КП 1628/4, КП 2162, КП 1628/3, КП 1629, КП 1630/1, се совпаѓа со западната граница на КП 1631/2, КП 1631/1, се совпаѓа со северната граница на КП 1631/1, се движи по западната граница на КП 2152, се движи по јужната граница на КП 51, минува низ КП 51, КП 52, КП 53, КП 54, КП 42/3, КП 42/4, се движи по северната граница на КП 42/4, минува низ КП 2144, се движи по источната граница на КП 2144, минува низ КП 62, се движи по западната граница на КП 2146/9, се совпаѓа со северната граница на КП 2146/9, се движи по северната граница на КП 1532, се совпаѓа со северната граница на КП 147/6, КП 147/5, се движи по западната граница на КП 147/8, се движи по северната граница на КП 147/8, минува низ КП 160, КП 161/2, КП 161/1, КП 162, се движи по северната граница на КП 162, се совпаѓа со западната граница на КП 165 и стасува до најсеверната точка на планскиот опфат.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 71,23 ха.


УП за село
Требеништа
Волино
Велјо Поле
Дебрца
Требеништа
Сатеска Река
Урека
Волиниште
Горенци
Кадица
Умалишта
Равен




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**
Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:

- Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и |

| | |
|---|---|
| **природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии.<br>Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на аеродромот "Св. Апостол Павле" во Охрид.<br>При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Вкупниот број на жители во општината изнесува 5507 кои живеат во 3582 домаќинства. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за Урбанистички план за село Требеништа, Општина Дебрца, нема |

| | |
|---|---|
| | регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Предметната локација се наоѓа во граници на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/10), како и одредбите на Конвенцијата и документите донесени од оваа организација на УНЕСКО.<br>Подрачјето на катастарската општина Требеништа, која е предмет на анализа припаѓа на Охридскиот регион и според заштитно-конзерваторски основи за Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион, во КО Требеништа, регистрирани со Решение се следните археолошки локалитети:<br>1. Археолошки локалитет “Требенишко Кале”, Требеништа;<br>2. Археолошки локалитет “Требенишка Некропола”, Требеништа.<br>На подрачјето на КО Требеништа постојат и незаштитени археолошки локалитети кои треба да бидат валоризирани:<br>1. Археолошки локалитет “Алистрати”, Требеништа, среден век;<br>2. Археолошки локалитет “Бароец”, Требеништа, ран среден век;<br>3. Археолошки локалитет “Дере-Кај Чешмата”, Требеништа, бронзено<br>време;<br>4. Археолошки локалитет “Забрдо”, Требеништа, железно; хеленистичко, римско и ран среден век;<br>5. Археолошки локалитет “Св.Мартинија”,Требеништа; старохристијанско време;<br>6. Археолошки локалитет “Црква”, Требеништа, ран среден век;<br>7. Археолошки локалитет “Црквиште”,Требеништа, среден век.<br>Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентиран е локалитетот:<br>• КО Требеништа – Алистрати, средновековна црква и некропола, се наоѓа на околу 2,5 км источно од селото и источно од Требенишко Кале, каде на почетокот од долот во подножјето од десна страна има урнатини од еднокорабна црква која мештаните ја нарекуваат Св. Наум, а западно од урнатините се забележуваат поголеми камени плочи кои претставуваат гробови; Бароец, |

| | |
|---|---|
| | ранОсредновековна некропола која се наоѓа околу 2 км источно од селото, во источното поножје на Требенишко Кале и околу 250 м од меѓуселскиот пат за Ливадишта; Дере-Кај Чешмата, населба од бронзено време, лоцирана во северозападниот дел на селото, лево од патот Охрид-Кичево каде на длабочина од 0,80 м откриена е јама во која е пронајдена фрагментирана камена секира со отвор за држалка на средината. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид; Забрдо, населба од железно време, населба и некропола од хеленистичко и од римско време и населба од среден век, лоцирани на мала висорамнина оддалечена на околу 1,5 км североисточно од селото, од источна страна се граничи со планинскиот венец а од запад со Требенишко Поле; Св. Мартинија, старохристијански сакрален објект, на источниот крај на селото, десно од патот за Требеништа-Ливоишта, непосредно до местото каде е изграден резервоарот за вода се наоѓаат остатоци од објект; Требенишко Кале, утврдена населба од бронзено, железно, хеленистичко и римско време, на југоисточната страна над селото се издига висок рид чиј врв е зарамнет и на него се гледаат остатоци од ѕидови од тврдина на кои се распознаваат неколку фази на градба, оние во средиштето се од неолит, од брозано и од железно време, а оние на падините на од јужна и од западна страна се од хеленистичко и од римско време, додека на понискиот дел од јужната падина откриени се 17 гробни целости чии наоди се чуваат во Заводот и музеј во Охрид; Црква, раносредновековна некропола, во близина на селската црква откриени се гробови во кои е пронајдена белезгија од стаклена паст кој се чува во Заводот и музеј во Охрид; Црквиште, средновековна црква, се наоѓа околу 3 км источно од селото, јужно од меѓуселскиот пат Требеништа-Ливоишта, на ритче на кое се наоѓа градба, најверојатно сакрален објект од развиен среден век. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна** | Во планскиот опфат има изградено и неизградено |

| | |
|---|---|
| **употреба на земјиштето** | земјиште.<br>Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), во рамки на планскиот опфат се планираат содржини кои спаѓаат во следните групи на класи на намени:<br>А - домување;<br>Б - комерцијални и деловни намени;<br>В - јавни институции;<br>Г - производство, дистрибуција и сервиси;<br>Д - зеленило и рекреација; и<br>Е - инфраструктура. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Требеништа, Општина Дебрца, се наоѓа во близина на заштитениот споменик на природата Охридско Езеро.<br>Предметната локација се наоѓа во граници на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.<br>Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:<br>• Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;<br>• Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;<br>• Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејсаж;<br>• Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и превземање на стручни и управни |

| | |
|---|---|
| | постапки за санирање на негативните појави;<br>• Воспоставување на стручна соработка со соодветните институции во окружувањето;<br>• Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за развој во општина Дебрца, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите и инфраструктурата;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани објекти;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата; |

Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;
Отпад: генерирање на отпад.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
За УП за с. Требеништа се изработени Услови за планирање на просторот со тех. бр. 05818. Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

Целите на сите наведени плански документи ќе бидат усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки.
Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштитата на животната средина се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е**

**направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Со овој Извештај за Стратегиска оцена на животна средина ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Зоран Ногачески |
| **Бр.** 13/1144/1<br>**Датум** 23 .05.2019 год.<br>**Место** Општина Дебрца | М.П.<br>РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ДЕБРЦА |